Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17 став 2 и 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден _.01.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на член на управниот одбор**
**на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на член на управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес:

    - Жарко Манасков.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.06.2022 година донесе Решение за разрешување и именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се именува Жарко Манасков.

На ден 16.12.2025 година, до Претседателот на Совет на Општина Велес е доставено Барање со арх.бр.25-5823/1 за именување членови во ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со цел непречено функционирање на Управниот одбор во целосен состав.

Согласно член 17 став 2 и 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25): (2) „Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители се состои од пет членови“ и (3) Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.“

Поради избор на Жарко Манасков за член на Советот на Општина Велес со Одлука за верификација на мандат на членови на Советот на Општина Велес со арх.бр. 25-5155/2 од 06.11.2025 година, постои неспоиливост на функцијата на член на Советот и член на Управен одбор во јавното претпријатие основано од општината.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.

*Јавно претпријатие „ПАРК – СПОРТ И ПАРКИНЗИ “*
*Велес*

ПАРК - СПОРТ ВЕЛЕС

*ул. Алексо Демниевски бр.10, 1400 Велес*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 16-12-2025
Орг. един.
25-5823/1

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 11-2311/1
08.12 2025 год.
ВЕЛЕС

До ***г-дин Даниел Јаневски***
*Претседател на Совет на Општина Велес*

**ПРЕДМЕТ:** *Барање,*

*Почитуван г-дин Јаневски,*

Согласно одредбите на Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес, како и Законот за локална самоуправа и Законот за јавни претпријатија, Ве известуваме дека на членот на Управниот одбор д-р Жарко Манасков му престана мандатот за член на управниот одбор на ЈП, а именуваниот ја извршуваше и функцијата Претседател на Управниот одбор, по сила на Закон за локална самоуправа, заради тоа што е избран за Член на Советот на Општина Велес.

Во моментов Управниот одбор има два (2) члена со мандат, од статутарно предвидените пет (5) члена, со што е оневозможено нормално функционирање на јавното препријатие. Затоа, од Вас Бараме да се спроведе постапка за именување на три (3) членови на Управен одбор на ЈП.

Со почит,

**ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес**
**Директор,**
Зоран Јаневски

Доставено до:
- Совет на Општина Велес
- Архива на ЈП

*Тел/факс 043 212 911 и 212 913 е-маил: jpssoparksportveles@gmail.com*
*ЕДДБ – МК 4004005117860, жиро с-тка: 240290120799207*
*Уни банка АД Скопје*